20262784996

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 253/25 и 269/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 ноември 2026 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНТЕН ФОНД ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2026 ГОДИНА

I

Во Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 27/26, 218/26 и 252/26) во делот I став (2) во воведната реченица износот „150.000.000,00“ се заменува со износот „282.657.000,00“.

Табелата се менува и гласи:

„

Број на мерка	Име на мерка	Вкупен износ на мерката во денари
1.	Финансиска поддршка во земјоделството	172.657.000,00
2.	Неизмирени обврски по подмерки од Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделство од 2022, 2023, 2024 и 2025 година	110.000.000,00
Вкупно		282.657.000,00

“

II

Во делот II во воведната реченица износот „40.000.000,00“ се заменува со износот „172.657.000,00“.

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-9150/3
24 ноември 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.